#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Мозаик | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 3 до 10 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Истрајност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да се оспособи за творештво со комбинирање на различни ликовни и неликовни материјали и да се развива прецизност и истрајност во работата. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Дали има потреба? | |
| **Насоки** | |
| **Претходна подготовка за активност**<br>Подготовка на разновидни семиња во посебни чинии. За оваа игра може да се употребат грав, леќа, ориз, овесни снегулки и други зрнести плодови.<br>Откако ќе се постават на масата на бел лист хартија родителот или детето исцртува контура по своја желба (цвет, пеперутка, полжав и слично).<br><br>**Инструкции/насоки за играта**<br>Дадената контура треба да се исполни со семиња. Секој може по сопствен избор да залепи разновидни семиња, кои треба да бидат поставени еднододруго во контурата. Откако ќе се залепат семињата, во палета се ставаат темперни бои и се бои мозаикот.<br><br>**Активност/игра**<br>На детето му се објаснува постапката на изработка на мозаик со разновидни семиња. Му се дава избор на повеќе контури и родителот заедно со детето прави мозаик со цел да го поттикне да биде истрајно и да ја исполни целата контура со семиња. Откако | |

ќе се изработи мозаикот, се прави кратка пауза. Потоа се подготвуваат темперните бои и четките. На детето му се објаснува постапката за сликање со темперни бои, односно како правилно да ја користи четката, да ја мие во чаша со вода и да ја исцеди на салфетка пред да користи друга темперна боја.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br><br>Нема прилог | Лист хартија;<br><br>боици; семиња (сончоглед, семки од тиква, леќа, ориз, овесни житарици и слично); лепило; палета за бои; темперни бои; чаша со вода; салфетка; четка |

**Активноста е подготвена од едукаторите:**

Создадено од: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска



